Ристо КАНТАРЏИЕВ

# БОГОМИЛСТВОТО И НЕГОВИТЕ ПОГЛЕДИ ЗА ОБРАЗОВАНИЕТО, ВОСПИТАНИЕТО И ПРОСВЕТАТА

Богомилството во Македонија се појавило за време на владеењето на бугарскиот цар Петар (927-969) и се развило во масовно антифеудално и социјално-религиозно движење. Прифатено од широките народни маси како учење спротивно на феудалната државна идеологија и идеологијата на православната црква, богомилството во текот на петвековното постоење со своите погледи одиграло важна улога и за образованието, воспитанието и просветата.

За богомилското движење не постојат документарни извори од самите богомили, иако се претпоставува дека тие имале свои богомилски книги. За појавата на богомилството и суштината на неговото учење дознаваме главно од делата на противниците на богомилите - претставниците на официјалното учење во христијанската црква. Основен извор кој нè информира за богомилското движење, што во Македонија се појавило за првпат во X век е делото "Недостојнаго Козми презвитера беседа на новојавившију сја ерес богомилу" или "Слово свјатога Козми презвитера на еретики, препрение и поучение од божествених книг", напишано од презвитерот Козма околу 972 година, познато во науката по седум преписи, од кои најстариот е од 1494 година, а другите од XVI и XVII век.[1] Во науката ништо одредено не е утврдено за потеклото на презвитерот Козма, за местото на живеењето и неговото образование. Но тој бил истакнат црковен деец, учен теолог и филозоф, кој се издигнал по пат на самообразование, иако за себе вели дека бил "прост и неучен". Некои претпоставуваат дека "... бил јеромонах и ја исполнувал должноста проповедник при некоја од великите цркви, можеби при архиепископската во Охрид" во првата половина на XI век.[2]

Своето дело "Беседа против богомилите" презвитер Козма го напишал со цел да ја изнесе суштината на богомилската ерес, содржината

1. Д-р В. Сл. Киселков, Презвитер Козма и неговите творения, петто издание, София, 1943, с. 10.

2. Истото, с. 10.

на погледите на ова религиозно и социјално учење спротиставени на догмите на христијанската црква и да го заштити народот од примамливите проповеди и влијанието на богомилите, кои себе се сметале за вистински христијани.[3]

За појавата на богомилството во Македонија и неговиот идеен водач и проповедник попот Богомил, презвитерот Козма вели: "Се случи, во годините на правоверниот цар Петар во бугарската земја (т.е. во Македонија, во делот под бугарска власт - б.н.) да се појави поп, по име Богомил - поточно речено Богунемил. Тој прв почна да проповеда ерес по бугарската земја. За неговото лажно учење ќе изложам понатаму".[4]

Дека богомилското движење се зародило во Македонија во X век и оттука подоцна се проширило во други балкански и европски земји, сведочат повеќе изворни податоци. Во Житието на Климент Охридски, охридскиот архиепископ Теофилакт говори дека по смртта на Климент (916) се појавила ерес и ширела меѓу народот.[5] И во своите писма Теофилакт потврдува дека "кривото учење", "гнасната вера", т.е. богомилството се ширело како "епидемија" во пределите на Македонија меѓу "побожниот народ", особено кон крајот на XI и почетокот на XII век, во времето на византиската власт.[6]

Досегашните научни истражувања потврдуваат дека дејноста на попот Богомил се одвивала главно меѓу денешните градови Титов Велес и Прилеп. Според народното предание, пренесувано од поколение на поколение, родното место на попот Богомил било селото Богомила, а неговиот гроб се наоѓал до самото село, каде што бил изграден параклис, кој на богомилите им служел како молитвен дом. И топонимите на некои населби, планини и реки (селото Богомила, планината Бабуна, реката Бабуна, Богомилското Поле и др.) настанале под влијание на името на попот Богомил и неговото учење. Следбениците на богомилското учење народот често ги именувал како "бабуни", "кудугери", "торбеши".[7]

Освен во Македонија, до XII век богомилското движење се раширило и добило големи размери и во Бугарија, Албанија, Византија, а нашло свои следбеници и во Србија, иако биле изложени на жестоки репресалии на српските владетели. Од крајот на XII и почетокот на XIII век богомилството проникнало и во Босна и под името "патарени" босанските еретици го распространувале во следните векови.[8]

Во XIII век прогонетите балкански богомили го пренеле и успеале да го распространат богомилското учење и во некои европски земји -

3. Истото, с. 11.
4. Истото, с. 20.
5. Бранко Панов, Средновековна Македонија, Скопје, 1985 т. III. с. 250.
6. Стјепан Антолјак, Средновековна Македонија, Скопје, 1985, т. I, с. 796.
7. Б. Панов, цит. дело, с. 269.
8. Истото, с. 258-259.

Италија и Франција. Во Северна Италија следбениците на ова еретичко учење биле познати под името "катари", т.е. чисти, а во Јужна Франција биле наречени "албигојци" - по името на градот Алби, каде што имале најголем број свои приврзаници. Учењето на катарите и албигојците претставувало масовен протест поради тешките социјални и економски услови на животот и против господството на католичката црква.[9] Воопшто, како социјално-религиозно учење богомилството одиграло значајна улога и во историјата на европските народи, а творецот на ова учење-попот Богомил, се смета за "најран реформатор во историјата на европските народи и на европската мисла" - "праотец на Цвингли, Лутер и Калвин". [10]

*Основните причини за појавата на богомилството.* - Длабоките социјални спротивности, создадени со развитокот на феудалните односи во текот на IX и X век, биле главната причина за појавата на богомилството во Македонија. Во ова време слободните селски општини биле изложени на разложување, како резултат на тоа општинските земји (ниви, ливади, шуми, пасишта) станале сопственост на феудалните господари. Заедно со земјата на која дотогаш работеле и живееле селаните станале феудално зависни луѓе (клирици и парици) и биле принудени бесплатно да работат за феудалците. Тие не само што биле обврзани да ја обработуваат земјата на крупните земјопоседници (да ораат, копаат, сеат, жнеат и др.), туку и да вршат најразновидни ангарии: да градат и поправаат тврдини, патишта, мостови, замоци, цркви, манастири и др., а со градското население оптоварени и со големи даноци на државата. Со воспоставувањето на феудален систем на општествени односи во бугарската држава (под нејзина власт била и Македонија), настанале големи социјални разлики. Општеството се издиференцирало на владејачки-привилегиран и богат општествен слој на луѓе, кои располагале со значителна политичка власт и средства за производство и потчинето, непривилегирано, претежно селско население - главна производствена сила, кое живеело во сиромаштво и беда. Изложени на тешка експлоатација, на политички, социјален и економски гнет, широките народни маси се свртувале кон богомилското учење, кое за нив било привлечно, бидејќи во него гледале можност за создавање братско општество, засновано врз принципите на социјална правда, рамноправност, евангелска љубов и заемна почит меѓу луѓето. Се разбира, ваквиот социјално-политички идеал на богомилите бил утопистички и асоцира на ранохристијанска општина, во која немало " мое" и "твое", туку сите биле рамноправни.[11]

9. Истото, с. 259.

10. Проф. д-р Н. Чакъров - проф. Ж. Атанасов, История на образованието и педагогическата мисъл во България, София, 1962, с. 51.

11. Бранко Панов, цит. дело, с. 256

Напоредно со световните феудалци, крупни земјовладетели биле и високите претставници на црквата - епископите и митрополитите. Во нивни раце била сконцентрирана значителна црковно-административна власт која им обезбедувала големи социјални привилегии и влијание. Од црковните и манастирските имоти, на кои работеле зависните селани, а и од специјалниот црковен данок во натура (храна и живина), тие добивале значителни материјални блага кои им овозможувале постепено да се збогатат и живеат во благосостојба. Власта и богатството породиле кај нив и порочни наклоности: мрзеливост, надменост, пијанство, поткупништво, алчност за пари и др. Неморалниот живот на високото духовништво, на кое се угледал и нивниот клер и почнал да живее безгрижно како паразити, остро го критикувал презвитерот Козма во својата "Беседа против богомилите": "О, пастири на божјите овци - извикува тој со негодување, вие, кои земате млеко и волна од стадото, а не се грижите за овците. Каков одговор ќе дадеме пред божјиот суд, каков одговор ќе дадеме пред големиот пастир на пастирите"? Со овие зборови презвитер Козма им упатувал тешки обвинувања на епископите и митрополитите, кои мислеле само на богатење ("да земат млеко и волна"), а заборавале на основните задачи и одговорноста што ја имале како духовни водачи на народот.[12] Поради недостојниот и развратниот живот што го воделе духовниците голем дел од народот бил разочаран и сè повеќе се оддалечувал од нив, не верувал во нивните проповеди дека се свети луѓе - божји претставници на земјата, ниту ги почитувал.

*Суштината на богомилското учење.* - Богомилството се оформило како социјално-религиозно и филозофско-етичко учење под влијанието на постарите дуалистички еретички учења - павликијанството, манихејството и месалијанството, кои преку Мала Азија проникнале и се распространиле на Балканскиот Полуостров. До X век од овие еретички учења најголем број приврзаници во Византија имале павликијаните, кои и најмногу повлијаеле во оформувањето на богомилското дуалистичко учење.

Спротивно на монотеистичкото сфаќање на христијанската црква за потеклото на светот, кое е изложено во Библијата, дека целиот видлив и невидлив свет е дело на добриот и семоќниот бог, богомилите го претставувале светот како творба на две спротивни и една на друга непријателски сили - доброто (бог) и злото (сатаната) кои се борат за превласт. Всушност, ваквото дуалистичко сфаќање на светот било одраз на социјалните разлики во тогашното феудално општество, поделено на господари и потчинети, богати и сиромаси. Според богомилите целиот видлив свет бил творба на сатаната и за да се победи злото се залагале

12. Д-р Димитър Ангелов, Презвитер Козма и беседата му против богомилите, София, 1948, с. 28-29.

за водење чист духовен и строг аскетски живот. Затоа тие ја отфрлале целокупната организација на црквата со речиси сите нејзини институции, надворешниот култ, обредите и симболите.

Религиозните сфаќања на богомилите биле спротивни на учењето на официјалната христијанска црква. Тие не ја признавале црквата, ниту духовништвото (клерот), кое го сметале за сосем излишно. Не ги посетувале храмовите и се мелеле насекаде. Биле против почитувањето на црковните симболи и обреди: крстот, иконите, крштевањето, причестувањето, црковниот брак, светците и нивните празници, култот на Марија како "Богородица". Во негирањето на црковните симболи и обреди богомилите се служеле со логични и разумни аргументи. За крстот тие сметале дека е симбол на срамот, зашто на крстот направен од дрво бил распнат Исус Христос. Според нив, почитувањето на иконите претставувало идолопоклонство, причестувањето не било света тајна и никаква крв и тело Христово, туку обично вино и леб; крштевањето ништо свето, туку вода и масло, а Марија "Богородица" обична жена. Моштите на светците за богомилите биле просто коски како и на сите други мртовци. Освен молитвата "Оче наш" тие ги отфлале сите други молитви, а од свештените книги го признавале само евангелието.

Како претставници на сиромашните слоеви на народот, богомилите во своите проповеди остро истапувале против световната феудална власт и нејзините институции, против богатството и богатите луѓе. Во својата "Беседа против богомилите" презвитер Козма за тоа вели: "Еретиците ги хулат богатите, ги учат своите да не им се покоруваат на своите господари; не го сакаат царот; им се ругаат на старешините; ги укоруваат болјарите; мислат дека се омразени на бога оние кои работат на царот и му наредуваат на секој слуга да не работи на својот господар".[13]

Етичките погледи на богомилите биле засновани врз принципите на евангелието. Според нив, начинот на животот, поведението и односот кон луѓето требало да бидат сообразени со евангелската етика. Богомилите воделе прост и скромен живот, без претензии за здобивање на какви и да е материјални блага. За нив најголема животна вредност бил сопствениот труд, а живеењето на грбот на другите најостро го осудувале. Се облекувале просто и воздржувале во исхраната - живееле како вегетаријанци. Биле против пиењето вино и јадењето месо. Безбрачниот живот им бил идеал, а бракот го сметале за нужно зло. Ги дозволувале разводите. Спротивно на сфаќањата на црквата, жената ја сметале за рамноправно суштество на мажот. Ги осудувале лагите и крадењето, особено убиствата на луѓето и животните, кои ги сметале за најголем грев. Исто така, енергично истапувале против војните и

13. Д-р В. Сл. Киселков, цит. дело, с. 51.

смртните казни. Не отстапувале од своите уверувања и по цена на својот живот. На своите проповеди луѓето ги советувале да бидат смирени и сериозни, да имаат развиено чувство за правичен и хуман меѓусебен живот, заснован врз заемна почит, доверба и љубов. Со своите социјални, религиозни и етички погледи богомилите силно идејно и воспитно влијаеле на возрасните и младото поколение.

*Организациониот живот на богомилите.* - Богомилите биле организирани во религиозни братства и општини, какви што постоеле во ранохристијанскиот период. Такви општини на територијата на Македонија биле "Драговичката", "Мелничката" и др. Според степенот на организираноста членовите на богомилските религиозни братства и општини се делеле на три категории: совршени, обични верници и слушатели.

Совршените богомили биле најподготвени и најревносни идејни проповедници и протагонисти на богомилското учење. Тие биле образовани, добро го познавале евангелието и со него в рака го проповедале богомилското учење, ги ширеле неговите религиозни идеи и го поучувале народот. Од другите богомили се одделувале пред сè по своето скромно облекло (носеле калуѓерско расо со качулка) и строгиот аскетски морален живот. Тие не јаделе месо и не пиеле вино, се хранеле само со растителна храна и времето го поминувале во пост, молитви, проповеди и поуки. Не се женеле, а доколку биле оженети ги раскинувале браковите. Во секој поглед служеле за пример и станале многу популарни. За догмите на своето учење совршените богомили биле готови и животот да го положат на клада. Ги хранеле нивните следбеници и поради тоа што "го јаделе лебот на луѓето измамени од нив" презвитер Козма остро ги осудувал.

Редовни членови на богомилските религиозни братства и општини биле и обичните верници. Според начинот на живот и обврските што ги имале како верници тие стоеле пониско од совршените богомили во структурата на богомилското братство. Обичните верници не биле должни да водат строг аскетски морален живот како совршените богомили. Нивната обврска била да учествуваат во религиозните обреди, да постат во определени денови и да се молат често, да учат и да бидат скромни и воздржани во животот. Тие можеле да стапат во брак и да имаат деца, а во исхраната да користат месо и да пијат вино. Обичниот верник можел да стане совршен ако претходно подолг период провел во пост и молитви, имал добро поведение, се откажал од семејниот живот и бил скромен и воздржан.

Слушателите не биле редовни членови и не учествувале во религиозниот живот на богомилските братства и општини. Тие можеле

да присуствуваат на богомилските собранија и да ги слушаат проповедите на совршените богомили, но за да станат обични верници тие морале да поминат извесен период во учење, пост и молитви, во покајание за гревовите и да се подготват за исполнување на обврските што ги имале обичните верници.

Во богомилските братства и општини најмногу имало слушатели, а најмалку совршени. Мал бил бројот на оние кои се откажувале од сладостите на животот и посветувале на строг аскетски морален живот, на организаторска апостолска и проповедничка дејност. Прогласувањето на обичните верниците во совршени и слушатели во обични верници станувало на општите богомилски собранија и се изведувало на свечен начин. Богомилите во братствата биле поделени на групи, кои претставувале своевидна школа за просветување и самообразование на возрасните и воспитание на младото поколение во духот на богомилските идеали.[14]

*Богомилските погледи за образованието, воспитанието и просветата.* - Како идејно движење на потчинетата и обесправена класа, богомилството имало и свои одредени погледи за образованието, воспитанието и просветата. Богомилите не оставиле дела од педагошки карактер, врз основа на кои би можеле да судиме за нивните педагошки погледи, како и за формите, средствата и методите на нивната воспитно-образовна дејност. Меѓутоа, некои податоци потврдуваат, дека како опозиционо учење на црквата, со своите социјално-политички и религиозно-морални погледи, со новото сфаќање на религијата, богомилството одиграло голема улога во развитокот на образованието и просветата во Македонија во средновековието.

Фактот дека богомилите и нивните следбеници се служеле со црковна литература, ги познавале книгите на стариот и новиот завет, особено четирите евангелија, само по себе говори дека тие биле образовани луѓе. За да можеле да ги користат религиозните текстови и правилно да ги толкуваат во споровите против ставовите на официјалното учење на христијанската црква, тие морале да бидат писмени и образовани луѓе, кои претходно научиле да читаат и пишуваат.

Неоспорно, меѓу богомилите најобразовани и идејно најподготвени биле совршените. Тие извонредно ја познавале црковната литература и во споровите со противниците аргументирано ги побивале нивните ставови и секогаш излегувале како победници, поради што православната црква го советувала својот клер да ги одбегнува полемиките со нив. Но и обичните верници и слушателите имале извесно образование, иако не така широко и продлабочено како совршените.

---

14. История на образованието и педагогическата мисъл в България София, т. I, с. 80.

Ним образование им било потребно за да можат да ги разберат проповедите на совршените, да знаат да ги читаат и разберат книгите што се неопходни и полезни за нив. Освен тоа, образованието им било потребно за да можат да напредуваат во хиерархијата на богомилската организација, обичните верници во совршени, а слушателите во обични верници.

Богомилите создале и голема книжнина, позната како апокрифна литература (тајни, забранети дела), во која црковните прашања се разгледувале во појасна и подостапна форма, поради што била многу популарна кај народот. Оваа литература сè повеќе се размножувала и распространувала и извршила силно влијание врз формирањето на погледите, сознанието и поведението на средновековниот човек. Нивната "тајна книга" била распространета не само меѓу словенските народи на Балканскиот Полуостров, туку преведена на латински во Италија и Франција. [15]

Досегашните истражувања не потврдиле дека богомилите имале организиран систем на училишна настава. Нема податоци дека постоеле богомилски училишта. Меѓутоа, постојат индиции кои укажуваат дека богомилите повремено организирале настава за својот подмладок и возрасните во форма на учебни групи, тајни образовни кружоци и тајни приватни училишта. [16] Постојано прогонувани и изложени на жестоки репресалии од духовната и политичката власт, богомилите биле принудени да организираат и вакви форми на описменување и образование на населението за да подготват свои следбеници, свесни дека само писмен и образован богомил може да го разбере и проповеда богомилското дуалистичко учење. Учителската должност обичо ја вршеле совршените богомили, а имало и жени учителки.

Методите што богомилите ги применувале во наставата претставувале прогрес во однос на методите во дотогашната настава. Тие своите предавања ги изложувале јасно и сликовито, во достапна и разбирлива форма за учениците, а не апстрактно и догматски. Во излагањето на своите вистини богомилите најчесто го применувале методот за разговор, сообразувајќи се со возраста и можностите на своите ученици. [17] Поради овие свои квалитети тие станале многу популарни и народот со задоволство ги слушал нивните проповеди и поуки. Иако во служба на богомилската религиозна идеологија, просветната дејност на богомилите во братствата и општините значително придонела да се

---

15. Проф. Н. Чакъров - проф. Ж. Атанасов, цит. дело, с. 56.

16. Проф. д-р П. М. Нойков, Поглед върху развитието на българското образование до Паисиа, Годишник на Сифиискиа университет, Историко-филологически факултет, кн. XXI, София, 1925, с. 19 - 20.

17. Истото, с. 19-20.

подигне образовното ниво на населението. А во време на византиското владеење, кога грчкото духовништво укинало голем број словенски црковни и манастирски училишта, богомилите со својата просветна дејност одиграле голема улога во зачувувањето на македонскиот народ од грчката асимилација и денационализација.

*Воспитниот идеал на богомилите.* - Со своите социјални и религиозно-морални погледи богомилското дуалистичко учење силно влијаело врз идејното формирање на луѓето во Средновековна Македонија. Во услови на феудално општество, поделено на владејачка и потчинета класа, на богати и сиромаси, на две спротиставени религиозни идеологии, богомилите имале свој образец на идеален граѓанин, кој многу се разликувал од оној што настојувала да го создаде христијанската црква. Тие се стремеле кај своите приврзаници и следбеници да култивираат скромност, воздржаност и правичност, да живеат без особени претензии за здобивање на материјални блага, но и да формираат кај нив пореални сфаќања и погледи за светот од оние што ги проповедала христијанската религија, да се борат за своите идеи - против експлоатацијата и нерамноправноста, за социјална правда и подобар живот.

Своите идеи и поуки совршените богомили ги образложувале во религиозните братства и општини - на општите и молитвените собранија и јавните исповеди, на кои покрај возрасните присуствувале и нивните деца. На овие собранија богомилите идејно се збогатувале, самообразувале, воспитувале и просветувале.

Силен воспитен фактор било богомилското семејство, засновано врз принципот на рамноправност меѓу мажот и жената, на заемна почит и доверба. Во хармонична семејна атмосфера, следејќи ги своите родители, децата ги усвојувале богомилските сфаќања и верувања, богомилските добродетели, а учествувајќи во трудовите активности се здобивале и со работни навики.

Воопшто, богомилството одиграло позитивна улога во развитокот на образованието и просветата и дало значаен придонес во создавањето на воспитен и морален општествен идеал во Средновековна Македонија. Ширејќи ги своите идеи и книжнина и надвор од Македонија - во некои земји во Западна Европа (Италија и Франција), богомилската идеологија изразена во учењето на катаристите и албигојците и други прогресивни социјални движења, значително придонела за развитокот на образованието, просветата и културата во тие и други европски земји.

Risto KANTARDJIEV

# THE BOGOMIL MOVEMENT AND ITS VIEWS ON EDUCATION, TUTORING AND ENLIGHT MENT

(Résumé)

The Bogomil movement appeared in Macedonia during the reign of the Bulgarian Czar Petar (927-969) and developed into a massive anti-feudal and socio-religious movement. Its founder was Priest Bogomil. Unlike the monotheistic wiews of the Christian church about the creation of the world, the Bogomils viewed the world as a creation of two antagonistic forces - the good (God) and the evil (Satan) - fighting for dominance.

The Bogomil views were contrary not only to the feudal state ideology, but also to the ideology of the orthodox churc. The did not recognize the church hierarchy, the religious rites, worship in temples, icons or idol worshipping. They renounced riches and led a modest, sober, vegetarian life.

The Bogomil ideal was life in equality, brotherhood and unity, regardless of the social position. A true Bogomil was supposed to be modest and diligent, to have a sence of justice and humanity, to do no evil and to respect the individual.

Organized in brotherhood and communities the Bogomils preached and gave open sermons and public confessions this spreading their ideology and strongly influencing the views, knowledge and behavoir of believers. The brotherhoods and the communities were centres which affered tutoring and a possibility for self-education and progress in the spirit of the Bogomil ideals.

Although there is no definite proof that the Bogomils had an organized system of school education, there are indications which show that they occasionally organized instructions for their young and adults members in the form of learning groups, secret educational circles and secret private schools. Among them there were some highly educated people. They also had a vast literary production, known as apocruphall literature. Their "secret book" was not only spread among the Slav peoples of the Balkan peninsula, but was also translated into Latin and used in Italy and in France.